

**ДЕЛ ОД ПОКЛОНЕНИЈАТА ПРЕД ГРОБОТ НА СВЕТИ КИРИЛ ВО ВЕЧНИОТ РИМ**

***По смртта на браќата светители Кирил и Методиј, нивниот најран забележан светителски ореол се среќава во синаксарот на Асемановото евангелие. Ова изборно евангелие е датирано различно, но за најран датум се смета крајот на X век. Ова говори дека нивниот култ бил рано оформен и веќе влезен како канонизиран непосредно по нивната смрт. Нивната светителска традиција се пренесувала во словенските земји, па и пошироко. Европа била запозната со нивната епохална дејност.***

На 30 септември 1880 година, папата Лав XIII посебно го апострофира и прошири нивниот култ со Енцикличното послание *„Grande Munus"*. Со ова послание нивниот култ посебно беше нагласен во Европа .

Папата Павле VI, со Апостолското послание *„Pacis nuntius",* од 24 октомври 1964 година

го прогласи свети Бенедикт за покровител на Европа. На 31 декември 1980 година, папата Јован Павле II го издаде Апостолското послание *„Egregiae Virtutis",* со кое ги прогласи светите Кирил

и Методиј за сопокровители на Европа, заедно со светиот Бенедикт. Со ова писмо вниманието на Европа се сврте кон свети Бенедикт и кон светите Кирил и Методиј.

На 2 јуни 1985 година, папата Јован Павле IIго издаде Енцикличкото Послание за словенските апостоли, упатено до сите епископи, свештеници, монашки заедници и до сите христијани, во спомен на евангелизаторското дело на светите Кирил и Методиј. Во него папата го нагласува нивното епохално дело, евангелизаторското слово меѓу Славените, нивните настојувања за заеднички братски живот, за почитувањето на достоинството на секој народ, заради што и нивната слава се разлеа надалеку.

Не случајно папата Јован VIII во далечната 880 година ја одобри употребата на словенскиот јазик во богослужбата, преведена од светите браќа. Ова послание е по повод 1100-годишнината од смртта на Методиј, со што папата Јован Павле II се осврнува на најважните пунктови од нивниот апостолски, просветителски и творечки пат.


VETERINARIO
Ristorante
Pizzeria



[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**